# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Општина Илинден, на ден 17.07.2012 година, донесе

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија СКО 5214 на КП бр.1333/1 и 1332 КО Кадино, општина Илинден кој го донесува општина Илинден потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина
2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија СКО 5214 на КП бр.1333/1 и 1332 КО Кадино, општина Илинден се определуваат следните: општина Илинден, Министерство за животна средина и просторно планирање
3. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија СКО 5214 на КП бр.1333/1 и 1332 КО Кадино, општина Илинден, за чија изработка е одговорно Друштво за производство, услуги и промет БИЛД ДООЕЛ Скопје, а го донесува општина Илинден, донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија СКО 5214 на КП бр.1333/1 и 1332 КО Кадино, општина Илинден, ќе има влијание врз животната средина
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанија врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економската состојба, влијание врз површинските и подземните води, влијание по однос на генерирање на комунален отпад, влијание врз амбиентниот водух, влијание од бучава, влијание врз флора и фауна, влијание врз предел, влијание врз материјални добра, влијание врз културно и историско наследство, влијание од несреќи и хаварии и прекугранично влијание
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Илинден на следната веб адреса/и: www.ilinden.gov.mk
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до општина Илинден во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.